# ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ
# ЗА ПРИЕМНИТЕ ИСПИТИ ЗА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ ОД ОБЛАСТА НА ПОПУЛАРНИ ЖАНРОВИ

## СОЛО ПЕЕЊЕ – ПОПУЛАРНИ ЖАНРОВИ

- ✓ Задолжителна композиција за сите кандидати:

**Wizard of Oz (Andrew Lloyd Webber) - Somewhere over the rainbow,**
без инструментална придружба (A cappella) во еден од следниве тоналитети: A-dur, H-dur или Cis-dur за женски глас, односно C-dur, D-dur или E-dur за машки глас.

**Напомена:** при изведбата на оваа композиција нема да се оценува стилот на пеење, туку чувството за тонален центар, интонација, ритам и темпо. Пред почетокот, на кандидатот ќе му биде дадена интонација во еден од зададените тоналитети кој самиот има можност да го избере.

- ✓ Композиција по сопствен избор од џез или блуз жанр на било кој јазик;

- ✓ Композиција по сопствен избор од поп или рок жанр на било кој јазик.

**Напомена:** Задолжително една од композициите под реден број 2 и 3 да биде изведена со матрица и микрофон, додека другата да биде во акустична верзија без микрофон со придружба на пијано или гитара. Секој кандидат е должен самиот да обезбеди корепетитор. Тоналитетот е по избор на кандидатот, а може да настапи и со сопствена композиција.

Секој кандидат ќе биде оценет според следите параметри:

**Течение и музички детали:**
1. Тежина на композиции
2. Континуитет и владеење текст
3. Ритам
4. Динамика
5. Фразирање
6. Артикулација

**Техничка контрола:**
1. Синхронизација со матрица/корепетитор
2. Квалитет на тон
3. Дишење
4. Дикција
5. Интонација
6. Користење микрофон/однос

**Комуникација и стил:**
1. Сценско движење/појава

2. Музикалност
3. Боја на глас
4. Стил/оригиналност
5. Опсег на глас
6. Импровизација

Сите три композиции се изведуваат напамет, задолжително по овој редослед. Секој кандидат е должен да испрати програма (наслови на песни и изведувачи) со тоналитети како и квалитетна матрица во .mp3 формат на info@andrijana.com.mk најдоцна до 19.08.2016.

САКСОФОН - ПОПУЛАРНИ ЖАНРОВИ

- ✓ Збирките на етиди од Х. Клосе и Б. Минтзер (во pdf формат) може да се симнат преку линкот поставен на интернет страницата на Факултетот за музичка уметност-Скопје.

ГИТАРА - ПОПУЛАРНИ ЖАНРОВИ

- ✓ Листа на композиции-џез стандарди за приемниот испит по гитара-популарни жанрови

  1. "Blue Bossa" - Kenny Dorham
  2. "Cantaloupe Island" - Herbie Hancock
  3. "Sunny" - Bobby Hebb
  4. "Autumn leaves" - Joseph Kosma
  5. "All of me" - Gerald Marks/Seymour Simons
  6. "Isn't she lovely " - Stevie Wonder
  7. "All blues " - Miles Davis
  8. "Black Orpheus" - Luiz Bonfa

- ✓ Кандидатот е должен да донесе матрици (backing tracks) од композициите што ќе ги изведува, кабел за гитара и свои гитарски ефекти, доколку има потреба за нив.
- ✓ Кандидатите можат да свират и на акустична и на електрична гитара.
- ✓ Потребниот нотен материјал може да се симне преку линкот поставен на интернет страницата на Факултетот за музичка уметност-Скопје.

КОНТРАБАС - ПОПУЛАРНИ ЖАНРОВИ

- ✓ Кандидатот е должен да обезбеди музичка придружба за композициите што ќе ги изведува (жива изведба или матрици).

УДИРАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ – ПОПУЛАРНИ ЖАНРОВИ

- ✓ Потребниот нотен материјал (во JPEG формат) може да се симне преку линкот поставен на интернет страницата на Факултетот за музичка уметност-Скопје.